**II КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА ТЕРИТОРИЈАЛНА СОРАБОТКА, Солун Грција, јуни 2015 година**

Учество на II Конференција на Европската територијална соработка, организирана од страна на Телото за управување на Програмите за Европска територијална соработка, 22-23 јуни 2015 година во Солун, Грција.
На конференцијата присуствуваа Советникот на ГРИПА за методологија и развој и Помошникот на ГРИПА за компонента 2, како претставници од Ревизорското тело.

Овој настан е официјално стартирање на програмскиот период на INTERREG 2014-2020 година. Цел на конференцијата беше да се претстават програмите кои управува Грција (Грција-Бугарија, Грција-Кипар, Грција-Италија, Грција-Албанија, Грција-Република Македонија, Балканско-медитеранска програма) како и програмите во кои учествува Грција. Во текот на конференцијата се дискутираше и за барање синергија и заеднички интереси за капитализација и креирање услови за првите Повици за доставување предлози за проекти.

Во рамките на конференцијата се одржа и изложба на проекти, на која беа прикажани стратешките проекти имплементирани во текот на периодот на програмирање 2007-2013 година.